# 2023 - Клуч за тест за државен натпревар за 7 одделение

1. На картата означи ги со соодветен број граничните премини. (8*1=8)




2. На картата означи ги со соодветниот број дадените поими. (12*1=12)




3. Дополни ја реченицата. (8*1=8)

На реката Вардар се сменуваат повеќе котлини и клисури и тоа: **Скопска котлина, Таорска клисура, Велешка котлина, Велешка клисура, Тиквешка котлина, Демиркаписка клисура, Гевгелиско-валандовска котлина и Циганска клисура.**

4. Дополни ја реченицата. (10*1=10)

Си изменето средоземноморска клима се одликуваат **Гевгелиско-валандовската котлина до Демир Капија и Струмичко-радовишката котлина.** Во нив просечната годишна температура на воздухот изнесува **14⁰C** во јули е околу **25⁰C** а во јануари е **3⁰C.** Просечните годишни количества врнежи се околу **700мм/м².** Во овие простори дуваат ветровите **вардарец** и **југо**.

5. Напиши ги реките кои се означени со соодветни букви. (12*1=12)

**А: Вардар; Б: Црна Река; В: Крива Лакавица; Г: Треска; Д: Струмица; Ѓ: Лепенец; Е: Брегалница; Ж: Пчиња; З: Крива река; Ѕ: Црни Дрим; И: Радика; Ј: Пена**

6. Дополни ги реченициte. (9*1=9)

Охридското Езеро зафаќа површина од **384км²** се наоѓа на надморска височина од **695м** и има длабочина од **286м**.

Преспанското Езеро се наоѓа на **853м** надморска височина, зафаќа површина од **275км²** со длабочина од **50м**.

Дојранското Езеро се наоѓа на **148м** надморска височина, зафаќа површина од **43км²** со длабочина од **10м**.

7. Кои се најзастапени почви во Република Македонија? (7*1=7)

**Одговор: Алувијални, Делувијални, Смолници, Црвеници, Кафеави, Песокливо-глинести, Солени и др.**

8. Кои простори во Република Македонија се со најгуста населеност?
(3*1=3)

**Одговор: скопскиот, полошкиот и кумановскиот регион.**

9. На картата, на соодветно место напиши ги големите градови во Република Македонија. (5*1=5)



10. Со пишување на знакот √ во соодветните колони, препознај кои поими од наведените се климатски фактори а кои се метеоролошки елементи и појави: (8*1=8)

| Географски поим | Климатски фактор | Метеоролошки елемент | Метеоролошка појава |
|---|---|---|---|
| **Географска положба** | √ | | |
| **Температура на воздухот** | | √ | |
| **Релјеф** | √ | | |
| **Ветрови** | | | √ |
| **Распоред на копно и море** | √ | | |
| **Воздушен притисок** | | √ | |
| **Влажност** | | √ | |
| **Врнежи** | | | √ |

11. Кои се главни рудници за камен јаглен во Република Македонија? (2*1=2)

**Одговор: Суводол и Осломеј**

12. Кои видови на овошја го опфаќа овоштарството во Република Македонија? (2*1=2)

**Одговор: Средноевропските и јужните видови на овошја.**

13. Кои простори ги опфаќа западномакедонскиот лозарски регион? (2*1=2)

**Одговор: Битолско поле и Охридско-струшката котлина**

14. Кои видови дрвја се најзастапени во листопадните шуми во Република Македонија? (2*1=2)

**Одговор: дабот и буката**

15. Кои хидроелектроцентрали се наоѓаат на реката Треска? (2*1=2)

**Одговор: Матка и Козјак**

16. Кои се две најголеми термоелектрани во Република Македонија? (2*1=2)

**Одговор: Битола и Осломеј**

17. Преку кои аеродроми се одвива воздушниот сообраќај во Република Македонија? (2*1=2)

**Одговор: Скопје и Охрид**

18. Кои се најразвиени туристички места на Пелистер? (2*1=2)

**Одговор: Нижеполе и Копанки**

19.Во која група на фактори за развој на туризмот се вбројува Галичката свадба?

**Одговор: Антропогени фактори** (1*1=1)

20. Какви туристички места се Косовраасти и Кежовица?

**Одговор: бањски туристички места** (1*1=1)